**Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 6 став 3 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република С. Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21 и 99/22), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 20-та седница одржана на ден 28.10.2022 година, донесе**

# ПРАВИЛНИК
## за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош

### I.Општи одредби

**Член 1**

**Со овој Правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за доделување еднократна парична помош на граѓани - жители на Општина Ѓорче Петров.**

**Член 2**

**Еднократната парична помош од член 1 се доделува врз основа на поднесено барање до Општината, по кое постапува Комисија формирана од градоначалникот.**

**Комисијата од ставот 1 на овој член е со мандат од две години.**

**Член 3**

**Граѓаните кои поднесуваат барања за еднократна парична помош, потребно е кон барањето да поднесат комплетна документација (во копија).**

**Член 4**

**Висината на паричната помош Комисијата ја утврдува во согласност со финансиските можности на Општината, но не повисока од износите утврдени во член 6 од овој Правилник.**

### II.Услови, начин и постапка за доделување на еднократна парична помош на граѓани-жители на Општина Ѓорче Петров

**Член 5**

**Општина Ѓорче Петров доделува еднократна парична помош на следниве категории граѓани:**

1. **Физички лица за кои е потребна медицинска интервенција во странство;**

2. **Физички лица со малигни болести кои се во фаза на лекување;**

3. **Самохрани родители со висок степен на социјален ризик;**

4. **Поединци или семејства поради настаната материјална штета од пожар или поплава, во нивното живеалиште, но не како резултат на елементарна непогода;**

5. **Физички лица корисници на минимална социјална помош.**

**Член 6**

**Во прилог на барањето за доделување еднократна парична помош подносителот на барањето ја доставува следната документација, и тоа за:**

1. **Физички лица за кои е потребна медицинска интервенција во странство**
   - **Доказ за идентитет на барателот/примателот (копија од извод на родени, лична карта или патна исправа);**
   - **Потврда/Доказ за закажана медицинска интервенција во странство и конзилијарно мислење, или отпусно писмо за веќе извршена медицинска интервенција во странство, не постаро од три месеци;**
   - **Копија од трансакциска сметка на барателот;**

**Висината на паричната помош Комисијата ја утврдува во износ од 7.000,00 до 10.000,00 денари, во зависност од можностите и во согласност со приложената документација.**

2. **Физички лица со малигни болести кои се во фаза на лекување**
   - **Доказ за идентитет на барателот/примателот (копија од извод на родени, лична карта или патна исправа);**
   - **Специјалистички извештај не постар од 6 месеци како доказ за болеста/терапијата на примателот издадена од овластена здравствена установа;**
   - **Копија од трансакциска сметка на барателот;**

**Висината на паричната помош Комисијата ја утврдува во износ од 5.000,00 до 10.000,00 денари, во зависност од можностите и во согласност со приложената документација.**

3. **Самохрани родители со висок степен на социјален ризик (согласно Закон за социјална заштита)**
   - **Доказ за идентитет на барателот/примателот (лична карта или патна исправа);**
   - **Копија од извод на родени на децата;**
   - **Доказ дека другиот родител е непознат, починат, исчезнат или верифициран документ од суд/центар за социјални работи дека другиот родител од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права и должности;**
   - **Потврда за месечни примања на барателот кои не го надминуваат износот од утврдената минимална плата во Република С. Македонија;**
   - **Копија од трансакциска сметка на барателот;**

**Висината на паричната помош Комисијата ја утврдува во износ од 3.000,00 до 9.000,00 денари, во зависност од можностите и во согласност со приложената документација.**

**4. Поединци или семејства поради настаната материјална штета од пожар или поплава, во нивното живеалиште, но не како резултат на елементарна непогода;**

- **Доказ за идентитет на барателот/примателот (лична карта или патна исправа);**
- **Податоци за местото (живеалиштето) каде е настаната материјалната штета, според лична карта на барателот;**
- **Потврди за утврдена состојба издадена од овластени институции противпожарна и полиција и увид на лице место;**
- **Копија од трансакциска сметка на барателот;**

**Висината на паричната помош Комисијата ја утврдува во согласност со можностите и приложената документација.**

**5. Физички лица корисници на минимална социјална помош;**

- **Доказ за идентитет на барателот/примателот (лична карта или патна исправа);**
- **Документ со кој се докажува дека барателот/примателот е корисник на минимална социјална помош;**
- **Копија од трансакциска сметка на барателот;**

**Висината на паричната помош Комисијата ја утврдува во износ од 3.000,00 до 5.000,00 денари, во зависност од можностите и во согласност со приложената документација.**

**III.Комисија за доделување на еднократна парична помош**

**Член 7**

**Комисијата за доделување на еднократна парична помош е формирана од страна на градоначалникот на општината.**

**Комисијата е составена од претседател, заменик претседател и четири членови.**

**Комисијата има лице за водење на административните работи, без право на одлучување.**

**Комисијата работи на седници кои ги свикува и со кои раководи Претседателот на Комисијата, најмалце еднаш во текот на месецот.**

**За текот на седниците, Комисијата води Записник, кој го потпишуваат сите членови кои учествувале во одлучувањето и изготвува Предлог - Извештај до градоначалникот.**

**Член 8**

**Комисијата ја проверува основаноста и комплетноста на документацијата приложена кон Барањата.**

**По разгледување на барањата и доставената документација, Комисијата доставува до градоначалникот Предлог – Извештај, потпишан од Претседателот на Комисијата.**

**По прифаќањето на Извештајот од страна на градоначалникот, лицето за водење на административните работи изготвува решенија за прифаќање на барањата и образложени известувања за одбиените барања. Решенијата и известувањата ги потпишуваат: лицето за водење на административните работи, претседателот на Комисијата и градоначалникот.**

**IV.Преодни и завршни одредби**

**Член 8**

**Составен дел на Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош е Барањето за еднократна парична помош.**

**Член 9**

**Со донесување на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начин за доделување на еднократна парична помош или материјална поддршка на физички лица бр 08-649/6 од 27.02.2018год. („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.2/18).**

**Член 10**

**Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1990/3** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 28.10.2022 година** — **Претседател**
**Скопје** — **Ленче Нелоска с.р.**